РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 2858/4
25.11 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019,) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава, на дваесет и четвртата седница одржана на ден 15 ноември 2019 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице -------- бидејќи не се утврдени повреди на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-2858/1 од 28.05.2019 година.

Предметот со број 09-2858/1 од 28.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2858/1 од 28.05.2019 година е оформен по анонимна пријава за назначување на помошник директор на Сектор во Јавно Претпријатие, како и е наведено да се испитаат критериумите како е формиран истиот сектор на кој ќе се назначува помошник директор.

Државната комисија достави барање до Јавното Претпријатие со цел да утврди дали Секторот е укинат во 2015 година, доколку е укинат да се наведат причините за укинувањето, дали истиот сектор е формиран повторно во мај 2018 година, доколку е формиран, да се наведат причините за повторно формирање на наведениот сектор и дали лицето кое е поставено за помошник директор ------------, било претходно вработено во Јавното Претпријатие, како и на кое работно место ги извршувало работните задачи.

Согласно добиената документација од јавното претпријатие е утврдено дека со измени на Правилникот на систематизација на работни места во Јавното претпријатие е направена промена на секторот, односно се работи за ист сектор од кој е издвоено едно Одделение кое е префрлено во друг Сектор. Во дописот од јавното претпријатие е наведено дека не се работи за укинување на Сектор и формирање на нов, туку измена во распоред на одделенијата во состав на секторите.

Во однос на назначување на помошник директор на Сектор во Јавното Претпријатие е наведено дека постапката е во тек. А додека пријавеното лице е раководител на одделение.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На седницата одржана на ден 15 ноември 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека нема елементи за понатамошно постапување согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**